Врз основа на член 113, став 23 и став 24 од Законот на високото образование („Службен весник на Република Македонија” број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013) и член 30, став 1, точка 4 од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Ректорскиот совет на состанокот одржан на 18.06.2013 година ја усвои следнава:

## ПРОЦЕДУРА ЗА ПОВТОРНО ПОЛАГАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ
## (согласно Законот за дополнување на Законот за високото образование „Службен број 24/2013)

**Член 1**

На лица кои оствариле просек од минимум 7,5 од прв и од втор циклус по завршување на студиите Универзитетот може на нивно барање да дозволи повторно полагање на одреден број предмети, но не повеќе од пет предмети.

Повторно полагање на предметите од став 1 на овој член може да се изврши само еднаш.

**Член 2**

Паричниот надоместок за полагање на еден предмет изнесува 300 евра.

**Член 3**

Испитните сесии за полагање на овие испити ќе се организират на секои два месеци, почнувајќи од 01.07.2013 година.

Испитната сесија е со времетраење од една недела.

**Член 4**

За една испитна сесија може да се полага најмногу до два предмети.

**Член 5**

Повторно полагање на испитите ќе се врши пред трichлена комисија.

**Член 6**

Оваа Процедура стапува во сила од денот на донесувањето и престанува да важи на 30.06.2014 година.